Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

УПАТСТВО ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА

# МИНИМУМ СТАНДАРДИ

ЗА РАБОТА НА КЛУБОВИТЕ НА МЛАДИ

Млади
Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

# ВОВЕД

Во рамки на процесот на зајакнување и унифицирање на работата на Клубовите на млади на Црвен крст на Република Северна Македонија се воочи потребата од креирање на Упатство за воспоставување на минимум стандарди за работата на Клубовите на млади. Целта на ова упатство е преку воведување на квалитативни и квантитативни стандарди, делувањето на Клубовите на млади да се воедначи што на крајот би довело до унапредување на работата на Клубовите на млади, овозможување на еднакви минимум можности за волонтирање и членување како и полесна мобилност на волонтерски капацитети во рамките на образвоните миграции кои се честа појава во нашето општество.

Имплементирање на предвидените минимум стандарди за работа на Клубовите на млади е облигаторно за секој клуб и истите мора да ги воспостави во временски рок до две години од денот на објавување на ова упатство. Во текот на процесот на воспоставување, Клубот на млади е во постојана координација со Координаторот за млади и младински програми од Црвен крст на Република Северна Македонија и Координативното тело на млади на Црвен крст на Република Северна Македонија за сите предизвици, дилеми и за потребата од поддршка во некој од сегментите.

Процесот на воспоставување на минимум стандрдите Клубовите на млади треба да го инкорпорираат во годишните програми на клубовите со соодветни оперативни активности а главен носител на истите се јавуваат раководните функции и тела односно лидерот, заменик лидерот и Координативното тело на млади. За остварените резултати Клубот на млади има обврска да достави краток извештај кој ќе биде презентиран од страна на претставникот на клубот во Советот на млади на редовните седници на истиот, и тоа во временски интервал од два пати годишно.

# СОДРЖИНА

**ВРСНИЧКИ ЕДУКАЦИИ ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** ........ 4

**КАЛЕНДАРСКИ АКТИВНОСТИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** ........ 5

Одбележување на Недела на промоција на хумани вредности ........ 5

Одбележување на Недела на млади ........ 5

Одбележување на Светскиот ден на волонтеризмот ........ 6

**АКТИВНОСТИ ЗА МОТИВАЦИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ** ........ 7

Дисеминациска сесија за сите членови на Клуб на млади ........ 7

Национален младински камп ........ 7

Информативна средба со родители на волонтери од Клубот на млади. ........ 8

Мотивација на волонтерите и членовите на Клубот на млади ........ 8

**Црвен крст во акција – промоција на хумани вредности** ........ 8

**РЕДОВНИ СОСТАНОЦИ НА КЛУБОТ НА МЛАДИ И КООРДИНАТИВНО ТЕЛО** ........ 9

Редовни состаноци на Клубот на млади ........ 9

Редовни состаноци на Координативно тело на Клубот на млади ........ 9

**УЧИЛИШНИ КЛУБОВИ** ........ 10

**РЕГРУТАЦИЈА НА ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ ВО КЛУБОТ НА МЛАДИ** ........ 11

Регрутација на волонтери ........ 11

Регрутација на членови ........ 11

**ПРОМОЦИЈА И МАРКЕТИНГ НА АКТИВНОСТИТЕ НА КЛУБОВИТЕ НА МЛАДИ** ........ 12

**ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТАТА НА КЛУБОТ НА МЛАДИ** ........ 13

# ВРСНИЧКИ ЕДУКАЦИИ

## ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во рамките на програмите за превенција од ХИВ/СИДА/СПИ, трговија со луѓе и болестите на зависности и останати превентивни теми кои ги опфаќаат Клубовите на млади во рамките на своето дејствување, младите во своите средини спроведуваат активности за подигнување на свеста помеѓу своите врсници. Во координација со основните и средните училишта на својата територија на дејствување, потребно е да се организираат работилници по унифицираните модули на Црвен крст на Република Северна Македонија за едукација на млади на дадените теми, притоа опфаќајки 30% од учениците во училиштата соодветно според темата и возраста на истите.

- Едукации за забоздравствена заштита – опфаќајки 30% од учениците од основните училишта до третто одделение;
- Едукации за хигиенизација – опфаќајки 30% од учениците од основните училишта до петто одделение;
- Едукации за превенција на трговија со луѓе – опфаќајќи 30% од учениците од основните училишта од деветто одделение и учениците од средните училишта од трета и четврта година;
- Едукации за превенција на болести на зависности – опфаќајки 30% од учениците од основните училишта од седмо, осмо и деветто одделение;
- Едукации за превенција на ХИВ/СИДА/СПИ- опфаќајки 30% од учениците од основните училишта од деветто одделение и од средните училишта од прва до четврта година;
- Едукации за промоција на крводарителство – опфаќајки 30% од учениците од средните училишта од четврта година.

**Одржливост на кадри во Клубот на млади**

Дополнително одговорниот член од Координативното тело со поддршка од целото тело води евиденција/преглед на младински кадри и внимава за навремена обвнова на истите. Воедно дава иницијатива за организација на обука/семинар/тренинг за создавање на нови кадри.

# КАЛЕНДАРСКИ АКТИВНОСТИ

## НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно календарот на традиционални активности кој е уреден во Законот за Црвен крст на Република Северна Македонија, а согласно овој прирачник Клубот на млади партиципира во организација и реализација на следните календарски активности:

### Одбележување на Недела на промоција на хумани вредности

Неделата на промоција на хумани вредности претставува завршна активност во ЦКА-ПХВ циклусот, се одржува секоја година во период од 21 до 27 септември во сите општински организации. Ова претставува унифицирана активност во која сите младинци кои биле опфатени во ЦКА-ПХВ циклусот повторно се носители, и реализираат идентична активност според претходно утврдени инструкции од ПХВ канцеларијата. Секоја година, ПХВ неделата опфаќа различна целна група и се карактеризира со различна тематска активност. Од страна на Клубот на млади, потребно е да се даде поддршка во подготовката, реализацијата и промоцијата на активностите на локално ниво.

### Одбележување на Недела на млади

Неделата на млади е активност во која се промовира работата на младите во Црвениот крст, а воедно и работата на Клубовите на млади. Преку заедничка кампања младите на Црвениот крст го презентираат сето тоа по кое се препознатливи во заедницата и на најразличен начин, со широк спектар на промотивни активности ги споделуваме сите наши волонтерски искуства. Како предлог активности се јавуваат: отворен ден на Клубот на млади, галерија/изложба, промотивни штандови, креирање на промотивни и едукативни видео содржини и маркетинг материјали за online кампањи и слично.

## Одбележување на Светскиот ден на волонтеризмот

Како организација во која волонтираат огромен број на волонтери, Црвениот крст редовно организира и спроведува активности по повод Светскиот ден на волонтерите. Целта на активностите е да се промовира волонтерството како и активностите кои волонтерите ги спроведуваат во рамките на своите клубови и ООЦК. Младите во рамките на своите Клубови треба да организираат повеќе активности за промовирање на волонтерството, на досегашните активности на клубот на млади и за давање признанија на своите волонтери.

Покрај наведените календарски активности кои се исклучив домен и наменети за млади, сепак Клубот на млади односно волонтерите и членовите се вклучуваат во поддршка при организација, одбележување и реализација на остатите активности предвидени во календарот.

| Датум | Активности |
|---|---|
| **15 јануари** | Ден на безбедност на планина |
| **21-28 февруари** | Ден на борба против срцеви заболувања |
| **1-8 март** | Недела на борба против ракот |
| **17 март** | Ден на основање на ЦКРСМ и Ден на крводарителство |
| **24 март** | Светски ден на борба против туберкулоза |
| **8-15 април** | Недела на хигиенизација |
| **Трета недела од април** | Недела на солидарност |
| **8 мај** | Светски ден на Црвен крст и Црвена полумесечина |
| **8-15 мај** | Недела на Црвен крст на Република Северна Македонија |
| **21 мај** | Ден на осамостојување на Црвен крст на РСМ |
| **14 јуни** | Светски ден на крводарителство |
| **26 јули** | Ден на солидарноста |
| **Втора сабота од септември** | Светски ден на прва помош |
| **14-21 септември** | Недела на борба против туберкулоза |
| **21-27 септември** | Недела на промоција на хумани вредности |
| **1 октомври** | Меѓународен ден на стари лица |
| **1-7 октомври** | Недела на млади на Црвен крст |
| **10-16 октомври** | Недела на борба против шеќерна болест |
| **16 октомври** | Ден на гладта |
| **18 октомври** | Меѓународен ден на борба против трговија со луѓе |
| **1-30 ноември** | Месец на борба против болести на зависности |
| **Трета недела од ноември** | Недела на грижа на стари лица |
| **1-7 декември** | Недела на борба против ХИВ/СИДА |
| **2-9 декември** | Недела на борба против трговија со луѓе |
| **5 декември** | Светски ден на волонтеризмот |
| **15-21 декември** | Недела на забоздравствена заштита |

# АКТИВНОСТИ ЗА

## МОТИВАЦИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

### Дисеминациска сесија за сите членови на Клуб на млади

**Дисеминација претставува ширење на знаењата за историјатот, структурата, активностите и вредностите на Движењето, неговите амблеми и основни принципи.** Младите во своите клубови на млади потребно е да организираат редовни дисеминациски за своите нови волонтери и членови, како и за веќе постоечките во насока на освежување на стекнатите знаења. Покрај општата дисеминација, важно е на овие сесии да се прикажат и активностите на самиот Клуб на млади и ООЦК за подобро запознавање на волонтерите и членовите со истите. Во секоја ООЦК има обучен дисеминатор, додека младите од Клубот на млади, имаат обврска во соработка со него да ја организираат сесијата.

-Дисеминација за движењето на ЦК и ЦП и активностите на Клубот на млади на ООЦК/ЦКГС – минимум 3 дисеминации во текот на годината.

### Национален младински камп

Секоја година во текот на летниот период се организира национален младински камп, на кој учество земаат младите од сите клубови на млади и на кој истите според потребите  се обучуваат за работата и функционирање на клубот на млади, мотивирање и менаџирање со волонтери, планирање и реализирање на активности итн.

- Минимум стандардот е задолжително присуство на двајца претставници од секоја ООЦК/ЦКГС.

## Информативна средба со родители на волонтери од Клубот на млади

Пред крајот на годината, се организира средба со родители на волонтерите од Клубот на млади, на кои им се презентираат постигнатите резултати на клубот во изминатата година, позитивните придобивки од волонтирањето во Клубот на млади, и им се заблагодарува за поддршката што ја даваат на своите деца да бидат дел од оваа организација. Настанот се организира во поголема сала и треба да биде осмислен како свечен настан, на кој, покрај лидерот,  ќе се обрати и секретарот/претседателот на ООЦК/ЦКГС.

## Мотивација на волонтерите и членовите на Клубот на млади

Мотивацијата претставува клучната компонента за успешна работа со млади. Во рамки на делувањето на Клубот на млади покрај слободата на раководните функциии и меѓусебното договарање на мотивациски методи и алатки, во координација со Секретатор на ООЦК/ЦКГС треба да се користат следните алатки за промоција:

- Организирање на годишен настан за доделување на признанија и благодарници за млади согласно Правилник за доделување признанија на ЦКРСМ;
- Поддршка од страна на ООЦК/ЦКГС во организација на минимум еден настан без строго формална природа кој има за цел да изгради релации меѓу волонтерите/членовите на Клубот на млади што би претставувало мотивациски стимул.

## Црвен крст во акција – промоција на хумани вредности

ЦКА-ПХВ е програма што веќе 20 години функционира во рамките на редовните активности на Црвен крст на РСМ. Таа претставува една од најефективните алатки за регрутација на волонтери на Националното друштво со што се препорачува да се имплементира во секоја ООЦК преку Клубовите на млади. Програмата на младите им нуди можност за поврзување на дисеминацијата и хуманитарните активности преку изработка на малите проекти за добробит на заедницата. Таа промовира активен пристап кон животот, ја менува дневната рутина на младите и ја промовира културата на дијалог во нашето интеркултурно општество.

Воедно препорачана е редовна соработка со дисеминаторот, за правилно воведување на новите волонтери во Клубот на млади по завршување на програмата.

# РЕДОВНИ СОСТАНОЦИ

## НА КЛУБОТ НА МЛАДИ И КООРДИНАТИВНО ТЕЛО

### Редовни состаноци на Клубот на млади

Клубот на млади на ООЦК/ЦКГС за свое нормално функционирање и одржување на континуитет во работењето, согласно Правилникот за организација и работа на младите на ЦКРСМ и Упатството за организирање и работа на Клубови на млади на ООЦК/ЦКГС, потребно е да одржува редовни состаноци за своите волонтери и членови.

-Клубот на млади треба да одржува минимум 2 состаноци во текот на секој месец.

### Редовни состаноци на Координативно тело на Клубот на млади

Согласно Упатството за организирање и работа на Клубови на млади, координативното тело на Клубот на млади е одговорно за работата на клубот помеѓу два состаноци на истиот. Затоа за да се одржи континуитетот во работењето потребно е координативното тело да има редовни состаноци и тоа минимум два состаноци во текот на месецот за спроведување,реализирање и планирање на тековните  активности.

# УЧИЛИШНИ КЛУБОВИ

**Училишни клубови**

Училишните клубови претставуваат форма на организирање на младите во рамките на своите училишта за организирање на хуманитарни активности и промовирање на хумани вредности. Преку училишните клубови заинтересираните млади ученици, со поддршка на општинските организации на Црвен крст и задолжените лица од самите училишта, развиваат програмски активности за подигнување на свест или хуманитарна поддршка на одредена ранлива група на население или поединец. Истовремено училишните клубови претставуваат можност за организирање на слободното време на учениците за сопствена надградба, стекнување на социјални и комуникациски вештини, работа во тим, градење на колективна и индивидуална одговорност за доброто на заедницата и слично. За работата на училишните клубови постои унифицирана програма со препорачани активности која секој училишен клуб може да ја дополни во координација со општинската организација на Црвен крст, согласно своите капацитети и можности.

- Согласно територијалната организираност на Општинска организација, препорачливо е отворање на училишни клубови пред се во училиштата кои се територијално одалечени од канцелариите на ООЦК/ЦКГС и Клубот на млади. Минималниот број на отворени училишни клубови се зема во сразмер 1:3 односно во секое трето училиште согласно проценката на ООЦК/ЦКГС.

- Секоја училишна година Клубот на млади треба да ја дисперзира работата со отварање на минимум уште еден училишен клуб се додека не се достигне максимумот на училишни клубови кои може да се отворат на територијата на кола делува ООЦК/ЦКГС.

- Донесување на програма за работа на училишните клубови и годишен извешај за остварените резултати.

# РЕГРУТАЦИЈА

## НА ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ ВО КЛУБОТ НА МЛАДИ

### Регрутација на волонтери

Клубовите на млади покрај активностите планирани во нивните програми за работа за помош на целни групи, давање на хуманитарна помош, едукација на младите за превентивни теми на нивната територија, потребно е да планираат и активности со кои ќе регрутираат нови волонтери во нивните Клубови на млади со цел реализирање на планираните активности. За таа цел секој Клуб на млади треба да има:

- Минимум една програма или проект за регрутација на нови волонтери на локално ниво;
- Соодветно планирање на активности со цел да регрутација на поголем број на волонтери кои се потребни за исполнување на активностите предвидени во програмата за работа на Клубот на млади

### Регрутација на членови

Клубот на млади во своите редови покрај волонтери има и членови на Црвениот крст на РСМ. Со цел поголема репрезентативност на младите истиот треба да се залага за задржување на постоечките членови и регрутација на нови членови со цел зголемување на членството и на локално и на национално ниво.

- Минималниот процент на регрутирани нови членови да е 10% на годишно ниво споредбено со бројот на членови од минатата година.

# ПРОМОЦИЈА И МАРКЕТИНГ

## НА АКТИВНОСТИТЕ НА КЛУБОВИТЕ НА МЛАДИ

Промоцијата е клучниот сегмент кој во согласност со модерните трендови и начелата на јавност и отчетност ја детерминираат работата и допринесува кон успешност и репрезентативност на секоја организација вклучувајќи ги и  Општинските организации и Клубовите на млади. Воедно се јавуваат најразлични потреби на општата јавност како и потреби за менување на каналите на промоција. Промоцијата има клучно улога во подгинување на свеста кај населението, јакнење на репутацијата на организацијата, зголемување на привлечноста кон Клубот на млади а со тоа и регрутација на волонтери, јакнење на соработката со останатите владини, невладини и бизнис организации.

- Да постои fan страна на некоја од социјалните мрежи или web страна на ООЦК/ЦКГС или на самиот Клуб на млади за промовирање на своите активности.
- Клубот на млади редовно да ја промовира својата работа на истата.
- Клубот на млади да креира барем за една нивна активност или проект минимум еден промотивен постер, флаер или видео запис.
- Минимум едно гостување во јавен медиум, информативна јавна програма или промоција во дневен печат.

# ЕВИДЕНЦИЈА

## НА РАБОТАТА НА КЛУБОТ НА МЛАДИ

Важен сегмет во работењето на секоја организација па така и на Клубовите на млади на ООЦК/ЦКГС е водењето на евиденција за својата целовкупна работа. Клубот на млади за своето нормално функционирање мора да води соодветна евиденција како во електронска така и во хартиена форма, која секогаш ќе е достапна за сите членови на организацијата и стручната служба. Истата е потребна за увидување на реализираните активности, изготвување на извештаи и статистики како на локално така и на национално ниво.

-Клубот на млади мора да води евиденција за бројот на волонтери на годишно ниво.

-Клубот на млади мора да води евиденција за волонтерските часови на своите волонтери на годишно ниво.

-Клубот на млади мора да води евиденција на бројот на членови на годишно ниво.

-Клубот на млади мора да изготвува програма за работа на Клубот на млади.

-Клубот на млади мора да изготвува извештај за реализираните активности на Клубот на млади на годишно ниво.

-Клубот на млади мора да изготвува извештај од секоја реализирана активност.

-Клубот на млади мора да има записник/белешка од секој состанок на Клубот на млади и координативното тело на млади.